Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 85/0306
12.03.2018 год.
Скопје

12.03.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 9 март 2018 година, врз основа на примена жалба од Наум Стоилковски, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет порталот „Мактел“ со текстот насловен „ (Видео) Фрчко националe пушти куртонски вол во својот кабинет и го исплеска како магаре, газот му го направи црвен како на бабун“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 15 и 16.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 5 март 2018 година, новинарот Наум Стоилковски поднесе жалба за текстот насловен „(Видео) Фрчко националe пушти куртонски вол во својот кабинет и го исплеска како магаре, газот му го направи црвен како на бабун“, објавен на 5 март, на интернет порталот „Мактел“ (www.maktel.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, повредени авторски права, пристрасност во информирањето, навреда и клевета.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Мактел“ и побара изјаснување по однос на наводите на жалбата. Уредникот на „Мактел“, Саше Ивановски, одговори на наводите на жалителот.

Тој ги отфрла наводите во жалителот и вели дека во текстот само се изразува „гадење за еден слуга на режим и нечесен новинар“.

*„Таа телевизија, Нова, бранеше режим и мафија на власт, хушкаше граѓанска војна што кулминираше со 27-ми април, што е нешто максимално нечесно и зло над злоделата. Смешно е што овој човек има храброст себеси да се нарече новинар, затоа што пред ангажманот во Нова, тој со години пишуваше гадни текстови во режимската Република кој пак беше проект на ВМРО ДПМНЕ во соработка со ДБК под водство на Сашо Мијалков и како таков служеше за црна пропаганда полна со омраза, манипулација, величење на вождот, обелување на образот на мафијата на власт итн...*“, наведува Саше Ивановски во одговорот на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 15 и 16.

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

***Член 16:*** *Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 9 март, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најпрво, утврди дека текстот се сведува единствено на наслов, во форма на коментар на интервјуто на новинарот на Телевизија Нова, Наум Стоилковски, со универзитетскиот професор Љубомир Фрчковски, кое порталот „Мактел" го презел од „Youtube" каналот.

Членовите на Комисијата се согласија дека новинарот во оспорениот текст користи непримерен речник, со што отстапил од моралните стандарди на публиката на која и' се обраќа.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен членот 15 од Кодексот на новинарите, кој е нагласен токму во насловот:

***„Фрчко национале пушти куртонски вол во својот кабинет и го исплеска како магаре, газот му го направи црвен како на бабун".***

Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавност. Овој принцип, секако, не би требало да го детерминира или ограничи правото на авторот да го избере својот сопствен стил на изразување, се' додека тој не е навредлив и непримерен за публиката. Новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува.

Во продолжение, Комисијата утврди дека во текстот е прекршен и членот 16 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот треба да ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

Ниту новинари, ниту уредници не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување не само што го намалува интегритетот и достоинството, туку ја урива репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во однос на наводите на жалителот дека интернет порталот „Мактел“ со објавувањето на интервјуто на Телевизија Нова под текстот ги повредил авторските права, Комисијата не најде елементи дека е прекршено ова правило. Членовите на Комисијата заклучија дека новинарот Стоилковски не го заштитил видеото и поради тоа интервјуто не подлежи на авторски права.

Во таа насока, Комисијата ги зеде предвид правилата и начините врз кои се базира користењето, копирањето или дистрибуирањето содржини преку каналот „YouTube“.

Кога корисникот поставува видео, тој има опции за лиценца за кои тој може да избере. Првата опција е "стандардна "Standard YouTube License" што значи дека ги доделувате правата за емитување на „YouTube“. Ова, во суштина, значи дека на вашето видео може да се пристапи само од „YouTube“ за цел на гледање и не може да се репродуцира или дистрибуира во која било друга форма без ваша согласност. Вториот вид лиценца е "Creative Commons".

Основната разлика меѓу двете лиценци е тоа што со стандардна лиценца ("Standard YouTube License") никој не може да го користи вашето видео за да се репродуцира како своја сопствена работа (без јасно означување на видеото од оригиналното видео). Сепак, во стандардна лиценца оригиналниот видео поставувач има право да каже "не" за повторната употреба на неговото видео, бидејќи значењето на видеото целосно се менува.

Во вториот случај, со користење на "Creative Commons", авторот може да користи делови од оригиналниот автор. Алатките на оваа лиценца вклучуваат авторски права за оригинална работа и јасно спомнување дека работата е изведена од оригинален извор. Покрај тоа, оригиналниот автор нема да биде одговорен за какви било штети предизвикани од изведеното дело.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Филип Ѓурчиновски, Беким Ајдини и Гоце Герасимовски.

**Се обврзува интернет порталот „Мактел“ (www.maktel.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595